**Втора прес конференција одржана на 15.11.2007**

Говорници
Лабина Митевска – селектор на главна програма
Сунчица Уневска – програмски координатор
Златко Манчевски – програмски координатор

Денеска во 20 часот во арт-киното "Фросина" во МКЦ во свечена атмосфера и со црвен килин ќе биде означен стартот на 6. Фестивал на европски филм "Синедејс", кој ќе трае до 23 ноември. Фестивалот, кој од оваа година стартува со различна концепција и далеку попроширена програма, ќе биде отворен со годинешниот кански лауреат "4 месеци, 3 недели и 2 дена" на Кристијан Мунгиу од Романија. Но пред тоа на публиката ќе и биде претставено годинешното тричлено жири, кое заедно со филмот на отворањето веќе ќе ги најави многубројните новости. Претседател на жирито е Макс Азуле, основач и директор на ECPA, а членови се: Станислав Семарџиев, ректор на Академијата за филм во Софија и македонскиот режисер Антонио Митриќески.

Програмата на фестивалот е поделена на неколку програмски целини, и тоа: Главна програма, Балкан линк, Надвор од конкуренција, Документарна програма и Работилници, со тоа што вкупно ќе бидат прикажани четириесетина филма од 22 европски земји. Главната програма, која се состои од 12 филма од исто толку земји, ја селектираше Лабина Митевска.

"Синедејс" од годинава воведува и награди, и тоа европската ѕвезда како симбол на европскиот филм, но и македонското сонце, како наше обележје. Имено, главната награда е „Златната ѕвезда" и „Сребрената ѕвезда" за најдобар филм и за најдобра режија, а ќе бидат доделени и две „Сини ѕвезди" за сценарио и за актерско остварување. Новина е наградата „ Златно сонце" кое ќе биде доделено на некој од филмовите во Балкан линк програмата.

Веќе се знае дека за првпат кај нас на еден фестивал има и целосна Документарна програма, која ја селектираше позната селекторка Рада Шешиќ, а се состои од десет филма кои беа наголем број фестивали и освоија награди. Покрај овие филмови ќе биде прикажан и еден нов документарец од македонски автор, односно „Јас и мојот живот без некои работи" на Илија Пиперкоски. И уште да кажеме за програмата „Вон конкуренција" која има девет остварувања, но интересно е дека во нејзини рамки фестивалот ќе направи и една мала ретроспектива на новиот француски филм. Станува збор за четири филма меѓу кои се „Два дена во Париз"на Џули Делпи и „Излез" на Оливие Асаја, во кој игра сексепилната Азија Арџенто. Во оваа програма ќе бидат прикажани и „Александра" на Сокуров и филмот за фронтменот на „Џој дивижн" Јан Кертис, „Контрола" на Антон Корбин.

Се очекуваат некаде околу 35 гости меѓу кои има и новинари кои главно го покриваат регионот, како и една новинарка од францускотo списание „Ел". Гости ќе има и од главната и регионалната програма, а овде само ќе ги споменеме актерките од „Калифорнија сонува" и „На работ од рајот" односно Марија Динулеску и Патриција Золковска, режисерката на „Истрел" Жана Волц, босанскиот продуцент Алмир Сахиновиќ, како и словенечкиот продуцент и режисер Даниел Хочевар и Метод Певец. Работилниците ќе го донесат и Лев Крефт, како и специјалниот дизајнер за филмска шминка Пол Хајет од Британија.

Фестивалскиот ВЕБ Сајт е веќе онлајн на следниот линк www.cinedays.com.mk.
Цената на билетите ќе се движи помеѓу 80 и 150 Денари, а истите можат да се подигнат на шалтерите на Младинскиот Културен Центар, каде што и се одржува фестивалот.